РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ
СЕКТОР ЗА АНАЛИТИКА И ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ

Бр. 02 - 1 / 101

Скопје 20 -05- 2025 год

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

ул. 3-та Македонска бригада 20
*(згр. Македонија Табак блок Ц)*
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3228 840
Факс: +389 (0) 2 3216 670
Е-пошта:
ipardpa.info@ipardpa.gov.mk
Интернет страна:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 2025

Корупцијата е еден од главните предизвици и опасности на демократското општество, од таа причина воспоставувањето на политики, механизми, процедури и стандарди насочени кон нејзино спречување, овозможува добро управување и функционирање на институциите во согласност со Уставот, законите, меѓународните и националните етички кодекси.

Во таа насока Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој како институција надлежна за реализација на Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој како и институција акредитирана од страна на Европската Комисија за реализација на средствата од ИПА компонентата (ИПАРД Програма) уште од моментот на своето формирање работи врз основа на акредитирани процедури кои воедно се насочени кон спречување и детектирање на конфликт на интерес, преку постојано обновување на изјавите кои вработените ги потпишуваат. Воспоставена е процедура за нерегуларности при работењето, преку назначување на лице за пријавување на нерегуларности, како од страна на вработените, така и од страна на секое лице, кое анонимно може да пријави нерегуларност или измама, преку телефонски број или емал адреса објавена на веб страната на Агенцијата.

Една од главните задачи на Агенцијата е детектирањето и навремено препознавање на ризиците за корупција, преземање на корективни мерки и санкционирање на сторителите. Во таа насока секоја организациона единица во Агенцијата, води свој регистер на ризици.

Во насока на заштита на правата и интересите на корисниците на финансиска поддршка, како и во насока на транспарентноста на работењето на нашата институција, секоја исплата на финансиска поддршка се објавува како информација од јавен карактер на веб страницата на Агенцијата. Агенцијата има назначено лица за

посредување на информации од јавен карактер, како и посебен регистар за предлози и претставки и назначени лица кои постапуваат по нив.

Во Агенцијата постои и Секор за внатрешна ревизија, организациски и функционално независна организациона единица, која врши работи од областа на внатрешната ревизија во согласност со меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Повелбата на внатрешна ревизија и интерните акти на Агенцијата. Агенцијата исто така подлежи и на редовни ревизии и проверки по однос на работењето и користењето на средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија од страна на ИПА Ревизорско тело како и на ревизии од страна на Европската Комисијата за што се имаат во вид и се применуваат посебните услови за финансиско управување, внатрешни контроли и ревизија утврдени од страна на Европска Комисија. Во делот на спроведувањето на националните програми, Агенцијата подлежи на ревизија од страна на Државниот завод за ревизија (ДЗР).

Инстуционалната отпорност на корупција се постигнува преку постојана едукација на вработените во насока на пријавување и спречување на конфликт на интереси, подигнување на свеста за пријавување на корупција и нивната активна улога во спречување на корупцијата, како појава која ја поткопува правната држава, ги загрозува правата на граѓаните, ги дерогира законите и ја оневозможува правдата.

Поради тоа е изработен Годишен план за спречување на корупција, кој воедно содржи мерки, активности, рокови за реализација, одговорни лица или организациони единици.
Годишниот план е изработен врз основа на придонес на сите организациони единици во Агенцијата, а при негова изработка се земени во предвид Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2021-2025 на Државната комисија за спречување на корупција, како и анти-коруптивните политики на Владата во Планот за борба против корупција„ АКЦИЈА 21.

Областите од работењето на Агенција каде треба да се обрне внимание на ризици за корупција се следните:

1. Јавни набавки во насока за спроведување на постапките и планирање на буџетот
2. Постапување по пријави за нерегуларности и конфликт на интереси
3. Постапување по пријави на укажувачи
4. Управување со финансии и планирање на истите
5. Спроведување на надзор на работењето
6. Кадровска политика и професионално, етичко однесување на вработените
7. Области од јавните набавки на кои треба да се обрне внимание со цел спречување на корупција
8. Соодветно планирање на јавните набавки, наменско трошење на јавните средства во функција на вршење на надлежностите на договорниот орган заради кои е формиран.

Планирањето и подготовката на јавната набавка е една од најважните фази во процесот на јавните набавки. Процедурата за работа на Одделението за јавни набавки при Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој предвидува доставување предлози за потребите од јавни набавки од страна на организационите единици во Агенцијата со цел подготовка на Годишниот план за јавни набавки. Организационата единица која има потреба од јавна набавка подготвува барање за отпочнување на постапка на јавна набавка, со кое ја потврдува нужноста од спроведување на набавката, а воедно ги дава и сите потребни информации за набавката. Во насока на економично, ефикасно и ефективно користење на средствата наменети за јавна набавка и доделување на договори за јавна набавка Агенцијата превеземе активности во насока на реална процена на вредноста на набавката, имајќи ги во предвид реалните пазарни услови, како и секое можно зголемува на вредноста кое може да се предвиди во моментот на процената.

Со цел транспарентност на постапката за јавна набавка Агенцијата врши објавување на постапките за јавни набавка, договорите за јавна набавка на веб страницата на Агенцијата, како и објавување на интерната процедура за јавни набавки.

При спроведување на јавните набавки се врши целосно почитување на законските прописи, како и пропишаните интерни процедури за јавни набавки, преку спроведување на редовни и вонредни внатрешни контроли од страна на Секторот за внатрешна ревизија согласно Годишниот план за ревизија или проценка на ризик. Надзорот врз почитување на законските прописи се врши и преку контрола на ИСО процедурите за јавни набавки од страна на внатрешни и надворешни проверувачи. Агенцијата има сертифицирани внатрешни проверувачи , како и годишни набавки за надворешна проверка на ИСО процедурите.

Јавните набавки се дел и од финансиските ревизии извршени од страна на независни ревизорски куќи, ангажирани преку јавни нававки.

Активности и мерки кои се превземаат во процесот на спроведување на постапките за јавни набавки како и во процесот на извршување на договорот со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од корупцијата.:

1. Зајакнување на капацитетите на лицето кои ги изготвуваат техничките спецификации, преку организирање на обуки и промена на стандарди за изработка.
2. Спречување на влијание врз лицата кои ги изготвуваат техничките спецификации, преку преземање на мерки за поголема транспарентност при изработката и вклучување на технички дијалог, секаде каде е возможно
3. Пријавување на обид за влијание врз лицата кои ги изработуваат техничките спецификации, до овластеното лице за прием на пријави до укажувачи
4. Спречување на влијание врз членовите на Комисијата за јавни набавки, до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи
5. Постапување на членовите на Комисијата за јавни набавки согласно Кодексот на однесување
6. Согласно Законот за јавни набавки давање на изјава за непостоење на судир за интереси од страна на членовите на Комисијата за јавни набавки и Директорот на Агенцијата.

## ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ ЗА НЕРЕГУЛАРНОСТИ

Согласно акредитираните процедури за работа на Агенцијата во рамките на одделението за правни работи се назначени службени лица за прием на пријави за нерегуларност со Решенија со архивски броеви: 04-2344/37 од 09.06.2012 година и 04-2414/1 од 09.04.2015 година, како од страна на вработените, така и од страна на секое лице, кое анонимно може да пријави нерегуларност или измама, преку телефонски број или електронска пошта објавена на веб страната на Агенцијата. Постапката за нерегуларност предвидува прием, истражување и процесирање на пријавите за нерегуларност до надлежните органи, во насока на нивно санкционирање и спречување на конфликт на интерес или дејство на корупција.

## ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВА НА УКАЖУВАЧИ

Во насока на соодветна примена на Законот за заштита на укажувачи и подзаконските акти од Агенцијата се преземаат мерка за навремено и законско постапување по поднесените пријави за укажувачи од страна на лице кое е задолжено за прием на пријави од укажувачи. Навремено известување за преземените мерки на подносителите на пријави во законски утврдениот рок.
Подигање на свеста кај вработените за можноста за постапување по Законот за заштита на укажувачи, преку организирање на обука и запознавање на вработените за нивната законска можност, како и заштита.
Транспарентност во постапката, преку објавување на контактите за назначување на лицето за прием на пријави од укажувачи и достапност на постапката и законските прописи.

## ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИИ

Постапката за планирање на Буџетот на Агенцијата започнува со добивање насоки и инструкции од Министерство за финансии за подготовка на Предлог Буџетот на Агенцијата. Секторот за финансиски прашања доставува Барање за потребни буџетски средства до сите организациони единици во Агенцијата. Врз

основа на доставените предлози, се врши нивна анализа согласно реалните потреби на организационите единици и се подготвува Предлог Буџетот на Агенцијата, кој потоа се доставува до Министерство за финансии на разгледување и одобрување. Согласно одобрените буџетски средства, во соработка со Одделението за јавни набавки се изработува годишниот План за јавни набавки.

Со цел транспарентност на трошењето на одобрените буџетски средства, Агенцијата на редовна основа, полугодишно и годишно ниво доставува до Владата на Република Северна Македонија Извештаи за реализација на Програмите за финансиска поддршка. На интернет страната на Агенцијата се објавуваат корисниците на Националните Програми, корисниците на ИПАРД Програмата, се објавува Завршната сметка на Агенцијата. Се води квартална евиденција за набавките под праговите (набавки под 1.000,00 евра) и истата се објавува на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН).

Надзор на финансиското работење на Агенцијата вршат Секторот за внатрешна ревизија, независни надворешни ревизорски куќи, Државен завод за ревизија, Ревизорско Тело.

## ПРОФЕСИОНАЛНО, ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ, КАДРОВСКА ПОЛИТИКА

Професионалното и етичко однесување на вработените во Агенцијата е регулирано со Кодексот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 183/2014). Во Кодексот е регулирано однесувањето на вработените во јавната администрација како во поглед на пристапот кон самите работни обврски, така и во поглед на пристапот/однесувањето кон колегите и корисниците на услугите на Агенцијата. Согласно член 73, став 1, точка 22 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), за однесување кое е спротивно на одредбите на Кодексот

може да се поведе дисциплинска постапка за дисциплински престап

Кадровската политика т.е. постапката за вработување/, унапредување на административни службеници и остварување на правата на вработените во Агенцијата е регулирано со Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/2019, 14/2020, 95/2020 и 302/20), наведениот Закон за административни службеници и Законот за работните односи. Во однос на постапките за вработување и унапредување, истите се спроведуваат по однапред утврден Годишен план за вработување кој се донесува и одобрува од страна надлежните институции наведени во Законот за вработените во јавниот сектор. Самите постапки за вработување и унапредување се уредени со Законот за административните службеници и истите се спроведуваат во Агенцијата за администрација постапувајќи во рамките на своите надлежности. Во однос на остварувањето на своите права вработените во Агенцијата, согласно Законот за административни службеници, доколку сметаат дека одредено право им е ускратено или повредено, имаат право да поднесат жалба до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НАДЗОР

Во насока на одржување на високо ниво на отпорност кон корупција , спроведување на надзор од страна на претпоставените државни службеници, вршење на надзор во почитување на акредитираните процедури за работа од страна на Европска Комисија, Етичкиот кодекс, ИСО процедурите, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола сите вработени вклучувајќи ги и внатрешните ревизори го известуваат Директорот на Агенцијата и лицето задолжено за неправилности, за неправилностите или сомнежите за измами или корупција. Спроведување на контрола и надзор од страна на внатрешна ревизија и почитување на извештаите од извршената ревизија, следење на нивни препораки и рокови за реализација на истите од страна на сите

организациони единици во Агенцијата помага субјектот да ги исполни своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето.

**ДИРЕКТОР**
**Илија Стоилев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
Agjencia për përkrahje financiare në bujqësi dhe zhvillim rural
Скопје-Shkup

Изготвиле:

Д-р Симеон Милевски

Влатко Серафимовски

Мирјана Тргачевска

Согласен: Марија Лекиќ

Доставено до:
Сите организациони единици во Агенцијата

АФПЗРР